УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
КАТЕДРА ЗА ХИДРАУЛИКА, ХИДРОЛОГИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ВОДОТЕЦИТЕ

| | |
|---|---|
| **Студии** | Градежништво - Додипломски |
| **Предмет** | ХИДРАУЛИКА 1 |
| **Семестар** | V |
| **Фонд на часови** | 2+2 |
| **Професор** | Д-р Цветанка Поповска |
| **Асистенти** | Д-р Виолета Ѓешовска |
| **Литература** | Поповска Цветанка, ***Хидраулика***, Градежен факултет-Скопје |

## Начин на изведување на наставата и начин на оценување:

1. Присуството на наставата (предавања и вежби) е статутарна обврска на секој студент и истата директно не се оценува.
2. Во тек на семестарот, индивидуално, се изработуваат 9 задачи, според приложенава динамика на вежби. Во оценувањето се вклучени само 8-те најдобро оценети (најслабо оценетата задача не се зема предвид). Сите задачи се вреднуваат со ист број поени (0÷4). Максималниот број на поени, кои може да се соберат со изработка на задачите (4x8=32 поени), во формирањето на завршната оцена на предметот учествуваат со 32 %.
3. Во тек на семестарот се прават 3 колоквиуми. Истите се состојат од два дела и тоа: писмен дел (задачи) и теоретски дел (прашања). Сите колоквиуми се вреднуваат со ист број на поени (0÷16). Максималниот број на поени, кои може да се соберат со изработка на колоквиумите (3x16=48), во формирањето на завршната оцена на предметот учествуваат со 48 %.
4. За добивање на потпис по предметот потребно е студентот да собере најмалку 40 поени со изработка на програмските задачи и колоквиуми (според точка 2 и 3).
5. Завршниот дел од испитот учествува со 20 % (се вреднува со 20 поени) во формирањето на завршната оцена по предметот. Се состои од писмен и теоретски дел. Се полага писмено.
6. Како дополнителна можност за добивање на повисока оцена, студентите кои според точките 2, 3 и 5 собрале најмалку 55 поени (55%), може да дојдат на завршен усмен испит. Усмениот испит се вреднува со 10 поени и не е задолжителен.
7. Конечната оцена по предметот се формира врз основа на вкупно собраните поени во текот на семестарот (точка 2 и 3), од писмениот испит (точка 5) и евентуално усмениот испит (точка 6). Со колкав дел учествува секоја активност во формирањето на крајната оцена е прикажано во Табела 1, а критериумот за оценување согласно освоените поени во Табела 2.

Табела1

| | **Активност** | **Учество** |
|---|---|---|
| 1 | Задачи од вежби | 32% |
| 2 | Колоквиуми | 48% |
| 3 | Завршен испит | 20% |
| 4 | Усмен испит (не е задолжителен) | 10% |

Табела 2

| ЕКТС-оцена | **E** | **D** | **C** | **B** | **A** |
|---|---|---|---|---|---|
| оцена | 6 (шест) | 7 (седум) | 8 (осум) | 9 (девет) | 10 (десет) |
| Собрани поени според точка 2, 3, 5, (6) | 55÷68 | 69÷77 | 78÷85 | 86÷93 | 94÷100 |